220795


pres-kliping • press-clipping

NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

3 XII. 1971


### УШТЕ ЕДНАШ ЗА МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

# И ШТЕДЕЊЕТО ИМА ГРАНИЦИ

● **НЕОДАМНЕШНИОТ НЕМИЛ НАСТАН** во Музејот на современата уметност, исчезнувањето на Пикасовата „Глава на жена" е мошне добар повод уште еднаш да се осврнеме на материјалната состојба на оваа установа. Без претензии сосема да ја симнеме вината од грбот на луѓето што работат таму, а уште помалку истата да ја префрлиме на апстрактниот виновник за сè — општествената заедница, констатацијата дека токму недостигот на средства е онаа поволна околност што го олесни открадунувањето на тој скапоцен експонат е логична.

● **ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**, одржување и користење на објектот, за обезбедување на личниот доход на вработените, отплатување на амортизацијата и покривање на другите обврски МСУ постави барање пред надлежните средствата за оваа година да изнесуваат 1 милион и 175 илјади стари динари. Притоа е истакнато дека тоа се минимални потреби на Музејот, при состојба на двојно помал персонал од потребниот.

Во Музејот се запослени само 4 чистачки, за одржување на 4.800 метри квадратни. Постојани чувари нема. Музејот ги користи услугите на Студентската задруга. Во стручните и административни служби не се пополнети повеќе работни места што се условени со законот.

● **ОД ФОНДОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ** на културата и на културните дејности на град Скопје, на Музејот прво му се доделени 608.472 динари, потоа уште 60 илјади за покривање на долговите направени минатата година и најпосле 50 илјади динари за аормтизација на објектот во 1970 година. Заедно со сопствените приходи, според тоа, Музејот ќе располага во текот на оваа година со вкупно 743.472 нови динари. За да се прилагоди кон средствата Музејот значително ја редуцира својата годишна програма, па сепак не успеа своите потреби да ги сведе на помала сума од 1 милион стари динари. Тоа значи дека на крајот на годината во неговите сметки ќе недостигаат 271.528 динари (нови).

Што значеше тоа „редуцирање" на програмата?

● **ОТКАЖАНИ СЕ ИЗЛОЖБИТЕ** од странство за кои не е најден финансиер, сосема е прекинато со откупот на уметничките дела, не се купувани книги за библиотеката на Музејот, не се извршени планирани студиски патувања и некои научно-историски истражувања. Зградата е користена со примена на ригорозно штедење во потрошувачката на електричната енергија, со исклучување на системот за климатизација (кој во зградата не е спроведен од мода туку за да се заштитат уметничките експонати!), со економично користење на огревот, водата, капацитетите на објектот.

Сите тие скусувања зборуваат за односот кон таа установа како кон обично место за чување на уметнички вредности. Каде е неговата функција како културно-уметничка, научно-истражувачка, ако сакате и забавна институција?

● **ПРИ ВАКВА СИТУАЦИЈА** веројатно би се сфатило како крајна нескромност барањето (кога би постоело), за спроведување алармен систем или внатрешна телевизија во објектот, кои би го оневозможиле исчезнувањето на експонатите. Дали за таа цел би биле доволни 25 милиони стари динари (колку што беше проценета „Главата на жена")? Инаку, колекцијата на МСУ содржи уште многу уметнички дела проценети приближно на таа сума.

Фондовите немаат средства на претек, тоа е познато. Луѓето што ги распределуваат средствата мора да внимаваат кому и колку доделуваат, принудени се да бидат штедливи. Вредноста на МСУ и неговата колекција уметнички дела обврзува, меѓутоа, на една разумна граница во тоа штедење.

Н. М.